Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 21.04.2023

На 21.04.2023 во 03.20 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Г.А.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 03.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Л.Б.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2023 во 07.25 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.А.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 15.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.С.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 19.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Д.(38) и З.Н.(35), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 06.15 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(49) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, од страна на полициски службеници од ЕВР Ѓорче Петров била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2023 во 19.15 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода П.К.(22) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2023 во 18.00 часот било пријавено дека на регионален пат во атар на с.Ќојлија, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "сеат ибица" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Х.(19) од с.Ќојлија, и патничко моторно возило "даеву матиз" со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Р.(60) од с.Долно Коњари. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Х.Р. кој бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде починал, а сирт била констатирана од страна на лекар. Со тешки телесни повреди се здобиле возачот Б.Х. и сопатник од возилото "даеву матиз" Љ.Г.(63) од Скопје, констатирани во Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Со телесни повреди се здобиле уште двајца сопатници од возилото "сеат ибица" А.Д.(22) и И.Д.(24) двајцата од Скопје констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

Вчера (20.04.2023) во периодот од 14.00 до 20.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 98 возачи. Од нив,73 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 25 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 20.04.2023 во 18.45 часот било пријавено дека на крстосницата од локалниот пат с.Муртино-с.Моноспитово-с.Бориево се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор "имт 539" без регистарски таблици, управуван од З.С.(56) од с.Муртино, и мотоцикл "ханчаи" без регистарски таблици, управуван од З.Ј.(40) од с.Муртино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобил возачот на тракторот, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (20.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 149 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, 18 санкции за непрописно престројување на возила.Изречени се четири мерки за нерегистрирани возила, седум санкции за користење мобилен телефон при возење, пет мерки за некористење сигурносен појас, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 20.04.2023 во 15.25 часот било пријавено дека во Гостивар на раскрсница од ул."Беличица" со бул."Гоце Делчев" товарно моторно возило "ман" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од М.К.(56) од с.Беловиште, удрило во велосипед управуван од Т.Ј.(72) од с.Чајле. На местото на несреќата починал велосипедистот, а смрт била констатирана од страна на лекар од Итна медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 20.04.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Центар Ф.Х.(47) од Скопје пријавила дека на бул."Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 20.04.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром С.Ш.(43) од Скопје пријавила дека во круговт од основно училиште на подрачјето на Аеродром нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 20.04.2023 во 19.00 часот во Полициското одделение Петровец В.А.(49) од Скопје пријавила дека во с.Ржаничино била касната од куче скитник.

Денеска (21.04.2023) полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Н.Р.(30) од Струмица, во чиј дом бил извршен претрес со судска наредба, поради сомнение за сторено кривично дело тешка кражба. Во извршен службен разговор во полициска станица, осомниченикот признал дека на 11.04.2023 извршил кривично дело тешка кражба во деловни простории, сопственост на правно лице во Струмица, а украдените лап топ компјутери ги продал на лице од Струмица. По пренесени мерки, украдените предмети се пронајдени и ќе бидат вратени на сопственикот. Истиот ден полициски службеници од СВР Струмица, постапувајќи по судска наредба, извршиле претрес и во домот во кој престојувал О.Х. (40) од Струмица, при што биле пронајдени часовници, парфеми и други предмети, кои потекнуваат од кражба извршена на 18.04.2023 година во куќа во Струмица. По целосно документирање на случаите против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 20.04.2023 во 18.00 часот С.Х.(56) од с.Врапчиште-гостиварско пријавил дека околу 15.00 часот во истото село по претходна расправија бил физички нападнат од негов сосед Ф.М.(54). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 13.30 часот А.П.(69) пријавил дека околу 11.00 часот во населба Тринца-маврровско бил физички нападнат од Д.П. и Д.П., негови соседи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 13.25 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода А.А.(29) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело тешка кражба, извршена на 15.04.2023 на подрачјето на Центар, каде со употреба на физичка сила одјел паричник од 71-годишна скопјанка. Исто така, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Аеродром и Драчево во текот на вчерашниот ден извршиле службен разговор со пријавениот поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојништво" по член 237 од КЗ на РСМ, извршено на 13.04.2023 на подрачјето на Аеродром врз 88-годишен скопјанец, од кого одзел паричник и два мобилни телефона. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (21.04.2023) во 02.50 часот на автопатот А1, клучка Градско полициски службеници од Полициската станица за Гранични надзор Михајлово запреле патничко моторно возило "ауди а8" со скопски регистарски ознаки. При преглед во него биле пронајдени 11 мигранти, од кои 10 од Конго и еден од Авганистан. Известен е Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (21.04.2033) во 01.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, Скопје од полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров бил приведен Т.С.(45) од Скопје поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 09.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Т.Д.(74) од Скопје пријавил дека на ул."Лука Ѓеров" бил каснат од куче скитник.

На 20.04.2023 во 10.00 часот во Полициското одделение Сарај Д.Д.(37) од Скопје пријавил дека во Рекреативниот центар Сарај неговиот малолетен син бил каснат од куче.

На 20.04.2023 во 12.40 часот во Полициската станица Чаир С.С.(44) од Скопје пријавила дека на ул."Бетовенова" била каснката од куче скитник.

На 20.04.2023 во 16.30 часот 26-годишна жена од кумановско село пријавила дека во домот била физички нападната од нејзиниот сопруг Н.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 00.20 часот било пријавено дека во Кратово пред угостителски објект по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.А.(20) од Кратово и В.К.(27) од с.Туралево-кратовско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 22.45 часот Ј.С.(38) од Охрид пријавила дека околу 22.30 часот во Охрид нејзината ќерка била физички нападната од Д.Ш. од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 09.35 часот на подрачјето на Чаир од полициски службеници од Полициската станица Чаир бил приведен К.С.(32) од Скопје поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 16.00 часот Г.Т.(39) пријавила дека околу 04.30 часот, во казино во с.Зрновци-кочанско била физички нападната од Т.Ј. од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 09.30 часот 58-годишна жителка од Пробиштип пријавила дека на 13.04.2023 околу 23.30 часот била физички нападната од нејзиниот син М.А.(30) од Пробиштип, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 21.20 часот С.Р.(49) од Прилеп пријавила дека околу 17.00 часот во Прилеп била физички нападната од М.Х. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2023 во 23.00 часот во Тетово на ул."Благоја Тоска" од полициски службеници од СВР Тетово бил лишен од слобода малолетник од Тетово затоа што истиот ден бил пријавен од С.С.(48) од Тетово дека физички ја нападнал и се заканувал со оружје, а нешто подоцна бил пријавен и од Д.Љ.(24) од Тетово дека и нему му се заканувал. Од малолетникот бил одземен гасен пиштол. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.04.2023 во 20.40 часот М.Б.М.(63) од Гостивар пријавила дека околу 13.00 часот во Гостивар била физички нападната од Д.В. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет